ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

***Број: 02 - 18600/2***
***27.10.2009 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од LXI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 15.09.2009 во 12.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Беким Сали, претставник од Министерството за здравство-претседател;*
- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Г.Трајче Леов, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Горан Коевски, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Јанез Јелникар, директор на ФЗОМ;*
- *М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ;*
- *Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи;*
- *Даниела Јовческа - Ѓуровска, шеф на оддел за договори за примарна здравствена заштита, во својство на записничар*

*Седницата ја отвори претседателот на Управниод одбор Беким Сали. Утврди дека на денешната седница се присутни шест членови на Управниод одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување по што го предложи следниот*

## ***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записниците од LVIII седница одржана на 19.08.2009 година и од LIX седница одржана на 27.08.2009 година*

*1.Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложенот*

## ***Д Н Е В Е Н Р Е Д***

*-Усвојување на записниците од LVIII седница одржана на 19.08.2009 година и од LIX седница одржана на 27.08.2009 година*

*1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред.*

*-Усвојување на записниците од LVIII седница одржана на 19.08.2009 година и од LIX седница одржана на 27.08.2009 година*

*Управниот одбор едногласно без никаква забелешка ги усвои записниците од LVIII седница одржана на 19.08.2009 година и од LIX седница одржана на 27.08.2009 година.*

***ТОЧКА 1 - Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*Лазар Трајчев, директор на секторот за правни работи образложи дека се работи за итна седница на Управниот одбор каде има една точка на дневен ред а тоа е Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување со оглед на тоа дека во четврток е закажана промоција на овој Правилник од страна на Владата на Република Македонија каде ќе бидат давани потврди за платен придонес на лица кои немаат друг основ на осигурување односно неосигурени лица. Истакна дека измените и дополнувањата во Правилникот се направени во соработка со преставници на Министерството за здравство, бидејќи се работи за општ акт за кои согласност дава Министерот за здравство. Напомена дека согласно*

*измените во Законот за здравствено осигурување да бидат опфатени и неосигурените лица кои немаат друг основ на осигурување во системот на здравствено осигурување и да добиваат потврди за платен придонес во Подрачните служби на Фонодт за здравствено осигурување се наметна потребата од измени и дополнување на овој Правилник при што Фондот имаше став истиот да не се оптеретува со премногу документација но Министерството за здравство инсистираше да се бара истата документацијата која Министерството ја бара за програмите на Владата на РМ со цел да се докаже некоја состојба на лицата врз основа на што следи некое право. Истакна дека во праксата се покажа дека таквата документација преставува големо оптеретување за лицата кои сакаат да го остварат тоа право па поради тоа беше потребно да се направат нови измени и дополнувања на истиот Правилник со кои би се намалила потребната документација. При тоа напомена дека при примената на овој Правилник остануваат спорни некои случаи како што е за лицата кои поседуваат земјоделско земјиште кој е минимумот на приход од вршење на земјоделска дејност кој не утврден во Законот за здравствено осигурување, лица постари од 65 години земјоделци и понатака се осигуруваат како земјоделци доколку не го оствариле правото на земјоделска пензија, ако брачниот другар е во странство и не е осигуран кај странскиот работодавец члeновите на неговото семејство не можат да се подвеат под одредбите на овој правилник, ако еден брачен другар е пријавен како невработен во Агенцијата за вработување нема да оствари право на здравствено осигурување ако другиот брачен другар е во работен однос, лицата кои примаат постојана парична помош од центрите за социјална работа преку нив здравствено се осигурани и членовите на неговото семејство како и лицето кое го изгубило правото на осигурување преку Агенција за вработување ако нема друг основ на осигурување може да се осигуру како неосигурено лице според член 5 став 1 точка 15 од Законот за здравствено осигурување. Истакна дека презентацијата на овие случаи е со цел Управниот одбор да се запознае и да биде свесен за нивното постоење. Ова се случаи кои првично се анализирани како можни но со примената на правилникот може да се појават и други специфични случаи. Нагласи дека примената на овој Правилник е позитивна и со него се намали потребната документација за остварување на правата.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, преставник од Министерството за финансии - заменик на претседателот; потсети дека Управниот одбор во однос на овој Правилник расправаше на еден од предходните седници на Управен одбор каде беа предвидени спорните случаи кои ќе се јават и затоа Управниот одбор заклучи да се формира комисија со преставници од Агенција за вработување, Фондот за здравствено осигурување, Министерството за здравство и преставници од Министерството за финансии кои ќе помогнат околку прашањата за финансирањето, со цел да изнајдат решение и да го достават на разгледување на Управниот одбор. Преговараше за барањето на извод не постар од шест месеци кое беше додено со новите измени и дополнивање на Правилникот бидејќи смета дека треба да се избегнат комплицирани процедури и непотребни трошоци на странките кои веќе се избегнуваа во законските процедури како и при остварување на некои суптилни права. Праша дали со донесесување на некое делумно решение би се ставило во неповолна положба Владата на РМ и Министерството за здравство кои треба да го презентираа проектот во јавноста. Исто така праша дали има уште луѓе кои не се опфатени со задолжителното здравствено осигурување. Укажа на*

*лицата кои ја надминале старосната граница одат на постипломски студии во странство на кои им дале стипендија но не им даваат престој бидејќи не се здравствено осигурани.*

*Лазар Трајчев, одговори дека во Законот за здравствено осигурување јасно е дефинирана категоријата член на семејство кои се брачниот другар и децата до навршување на 18 години возраст а по тие години ако се на редовно школување но најдоцна до навршување на 26 години. Истакна дека во случајот се работи за лица кои ја надминале предвидената возраст согласно законските прописи. Објасни дека со 12 држави со кои имаме склучено меѓународен договор за социјално осигурување осигурениците кои одат во странство можат да користат здравствени услуги врз основа на определени обрасци, проблемот е со оние земји со кои немаме склучено такви договори, освен итната медицинска помош која Фондот ја рефундира на осигуреникот кога ќе се врати во земјата, но мора најпрвин сам да ги покрие сите трошоци. Истакна дека со измените и дополнувањата на Законот за здравствено осигурување се овозможи за осигурениците кои се упатени за извршување на работа во земји со кои немаме меѓународен договор за социјално осигурување основицата за пресметување на придонесот за задолжителното здравствено осигурување е плата што ја примаат во земјата ако здравствената заштита во странство ја обезбедиле на свој трошок или на товар на работодавецот. Истака дека со разговорите со Министерството за надворешни работи на РМ се отвори можност во земјите со кои немаме меѓународен договор за социјално осигурување да може Министерството за надворешни работи да склучува договор со осигурителни компании за здравствено осигурување. Исто така истакна за потребата да се бара извод на родени не постар од шест месеци поради проверка во Подрачните служби на Фондот дали лицето има статус на член на семество и да се направи опредлеување помеѓу родители и деца.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, праша дали може тоа да се провери преку единствениот матичен број на граѓанинот.*

*Лазар Трајчев, појасни дека на тој начин не може да се провери дали лицето е член на семејство и дали се работи за родител или дете што може да се види од изводот на родените како јавна исправа. Исто така смета дека преку системот на плати кои сега функционира не може да се опфатат сите лица со здравствено осигурување бидејќи многу од нив кои се во работен однос не добиваат потврди за платен придонес бидејќи нивниот работодавец не плаќа или редовно не го плаќа придонесот за здравствено осигурување што преставува реален проблем.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија, истакна дека со согласува со тоа дека со донесувањето на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување ќе останат некои неразрешени прашања но смета дека бидејќи е ставен на дневен ред истиот да се усвои.*

*Лазар Трајчев, истакна дека при изготвувањето на измените и дополнувањата на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување со преставникот од Министерство за здравство Ана Петровска беше разгледувано и одлучено дека за 9 месеци треба да се направи обнова на документацијата со цел да се провери дали и понатака лицата имаат основ да користат здравствени услуги.*

*Г.Трајче Леов, преставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија, истакна дека од случаите кои беа презентирани како спорни од страна на Лазар Трајчев најголем проблем е точката 3 која се однесува на државјанин на РМ вработен во странство кои не е задолжително здравствено осигуран кај странски носител на осигурување, а имаа живеалиште на територија на РМ непосредно пред заснованјето на работниот однос во странство со оглед на тоа што членовите на неговото семејство имаа основ на осигурување во РМ и користат здравствени услуги. Истакна дека за овие случаи треба посебно да се обрне посебно внимание. За копијата од лична карта како потребен документ укажа дека истата може да се достави на увид па доколку е потребно ќе се направи копија. Смета дека периодот од 9 месеци за обнова на документација не е спорен. Напомена дека основната цел на Управниот одбор е да настојува осигурениците да можат најефикасно да го остваруваат своите права од здравственото осигурување.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, предложи како заклучок да се наведе дека Управниот одбор сеуште стои на предходно истажаниот став дека за спорните прашања треба да се формира Комисија која ќе понуди решение пред Управниот одбор за да може сериозно да се пристапи кои нивното решавање.*

*Д-р Љубиша Каранфиловски, предложи на оваа седница да се усвои предложениот Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување, а за спорните случаи кои беа посочени на оваа седница од страна на Лазар Трајчев да се формира посебна работна група, бидејќи однапред не се знае временски период кој ќе биде потребен за нивно решавање.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, напомена дека спорните случаи не се од важен и суштински карактер односно тие се само нерешени случаи.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ; објасни дека лицата кои се наведени во презентираните спорни случаи сите имаат статус на осигуреници по различни основи и ги користат правата од здравствено осигурување со напомена дека истите не спаѓаат во групата на неосигурени лица според член 5 став 1 точка 15 од Законот за здравствено осигурување.*

*Лазар Трајчев, потврди дека тоа е точно но укажа дека самите тие лица ги прават притисоците и затоа е многу важно Министерството за здравство да оди со јасен став и добра презентација на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување кога истиот ќе биде пласиран во јавноста.*

*М-р. Маја Парнарџиева - Змејкова, ВД директор на ФЗОМ, истакна дека постои системски ризик и дека Фондот за здравствено осигурување секогаш ќе сигнализира при нивното појавување, со цел истиот да биде надминат.*

*Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, укажа дека токму поради појавата на тие ризици е потребно однапред да се превентираат за да подноцна не се јави потребата од нивно санирање.*

***Заклучок:*** *Управниот одбор го прифати предлогот на Д-р Снежана Костадиноска Милошеска за спорните случаи кои се јавуваат при примената на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување да се формира работна група која ќе донесе решение за нивно надминување кое ќе биде доставено на разгледување до членовите на Управниот одбор.*

*По завршувањето на дискусијата по точката на дневниот ред, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за содржината и начинот на остварувањето на правата и обврските од задолжителното здравствено осигурување***

*Со тоа дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор заврши со работа во 12,30 часот.*

***Записничар,***
***Даниела Јовческа - Ѓуровска***

***Управен одбор***
***Претседател,***
***Беким Сали***